**Министерство за транспорт и врски**

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот: Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта**

**Усогласеност со Програмата на Владата: Да**

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: Да**

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот: На првата наредна седница**

**Доверливост на материјалот: Не**

**Итност на материјалот:**

**Прилог:**

**Дата на доставување на материјалот:**

**09.2014 година**

**Министер за транспорт и врски,**

**Миле Јанакиески**

**Република Македонија**

**Министерство за транспорт и врски**

**Предлог**
**Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта**

**ПОТПИС:** ______________________________

Скопје, 09.2014 година

**1.Осврт по материјалот:**

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат: Нема**

**6. Очекувани влијанија:**

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

**8. Оцена на Секретаријатот за законодавство по материјалот: ДА НЕ**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

## Република Македонија

## Министерство за транспорт и врски

---

**Предлог**
**Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта**

Скопје, .09.2014 година

# ФОРМУЛАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br><br>Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта | 2. Министерство/Орган на државната управа:<br><br>Министерство за транспорт и врски |
| 3. Цел на предлогот:<br>Усвојување на информацијата | 4. Вид на предлогот:<br>Информацијај |
| 5. Контакт лице и звање: | 6. Контакт телефон/факс или е-пошта: |
| 7. Активност: | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) | Регулатива во врска со ЕУ | ( ) | Нова програма | ( ) | Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| | ( ) | Друга нова регулатива | ( ) | Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) | Спојување на две или повеќе програми |

| |
|---|
| 9. Цел на барањето/предложена активност: |
| 10. Врска со Владината програма: |

| 11. Фискални импликации | (Во МКД)<br>2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | | | | |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | | | | |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | | | | |
| Ѓ. Нето импликации на средствата на органот: (В-Г)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | | | | |
| Е. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Ж. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:_________________________ | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. Нето зголемување/намалување на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | | | | |

| | |
|---|---|
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение: | |
| 15. Дата на завршување на проценката: | |
| 16. Дата на поднесувањето на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побрани од Министерството за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството – Предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22. Одобрено/Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ------------------------------------- | Датум: ден/месец/година | ------------------------------------- | Датум: ден/месец/година |
| Потпис на државен секретар/ Директор на државен орган | .09.2014 | Потпис на Министер | .09.2014 |

# В О В Е Д

## ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Односите во областа на јавните патишта регулирани се со Законот за јавните патишта (Службен весник бр.84/08, 52/09,114/09, 124/10, 23/11, 53/11 и 44/12), со кој се уредени прашањата за изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на патната инфраструктура, обезбедувањето на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на патната мрежа, како и други прашања од значење за јавните патишта.

## II ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

## III ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одредбите од предлогот на Законот не имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Законот не е потребно обезбедување на посебни финансиски средства.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Односите во областа на јавните патишта регулирани се со Законот за јавните патишта (Службен весник бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14 и 42/14), со кој се уредени прашањата за изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на патната инфраструктура, обезбедувањето на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на патната мрежа, како и други прашања од значење за јавните патишта.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи усогласена примена на одредбите од законот.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14 и 42/14) членот 41 се менува и гласи:

„(1) За одобрување за поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта, за поставување на инсталации во заштитниот појас, за поставување на заштитни огради и заштитни столбчиња покрај државните патишта, за вонреден превоз и за прекумерно користење на пат се поднесува барање до Јавното претпријатие, а за општинските патишта и улици се поднесува барање до Општината односно Градот Скопје по кое Јавното претпријатие, Општината односно Градот Скопје е должно во рок од 15 дена да одговори по истото,

(2) За издавање на одобрувањата од ставот (1) на овој член Јавното претпријатие, општината односно Градот Скопје води евиденција.„

Член 2

Членот 45 се менува и гласи:

„Во заштитниот појас на јавен пат надвор од населени места може да се поставуваат натписи и рекламни табли, и тоа: покрај автопат и експресен пат на оддалеченост од најмалку 25 метра, на магистрален и регионален пат на оддалеченост од најмалку 10 метра и на општински пат на оддалеченост од најмалку 5 метра, сметајќи од крајната точка на патниот појас, без да ја попречуваат прегледноста и да ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот на патот, само врз основа на претходно одобрување од Јавното претпријатие.

Во патниот и заштитниот појас на јавен пат во населено место можат да се поставуваат рекламни објекти без да ја попречуваат прегледноста и да ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот на патот само врз основа на претходно одобрување од општината односно Градот Скопје.

(3) Во одобрувањето од ставот (1 и 2) на овој член се наведуваат условите за поставување на натписи и рекламни табли, надоместокот за поставување и користење на истите, како и условите за нивното отстранување.

(4) Доколку правното или физичкото лице сопственик на рекламните објекти не ги отстрани или премести рекламните објекти на барање на Јавното претпријатие, општината односно Градот Скопје истите ќе ги отстрани Јавното претпријатие, општината односно Градот Скопје на сметка на правното или физичкото лице сопственик на рекламните објекти.„

Член 3

Се додава нов Член 47а кој гласи:

„Член 47а

(1) За недозволените активности од повремен режим на сообраќај, зависно од категоријата на патот, надлежни се Државниот инспекторат за транспорт, односно овластениот инспектор за патишта на општината, односно градот Скопје.

(2) Извршителот на недозволените активности, по налог на инспекторот од ставот (1) на овој член, е должен веднаш да ги отстрани последиците од недозволените активности, да запре со активностите и местото да го врати во првобитна состојба.

(3) Ако последиците од недозволените активности од ставот (2) на овој член не се отстранат од извршителот, тие ќе бидат отстранети од Јавното претпријатие, или од надлежниот орган во општината, односно Градот Скопје на сметка на извршителот на недозволената активност.

Член 4

Членот 50-а се менува и гласи:

„Заради заштита на јавните патишта забрането е:

1) заземање земјиште од патниот појас;

2) спречување на истекување на атмосверските води, ниту менување на природниот тек на водите;

3) пасење на стока, косење на трева, оштетување и сечење на дрвја покрај патот, како и оштетување и однесување на материјали наменети за одржување на патот;

4) спуштање на дрвја и други материјали по косините на патот;

5) влечење на греди, трупци, плугови, камени блокови, железни шипки и други слични предмети;

6) кочење на запрежни возила со блокирање на тркалата;

7) свртување на работни и други машини при обработување на земјата;

8) градење на поила за стока и пуштање на стока во патниот појас;

9) фрлање шут, одпадоци, држење на ѓубре или депонии во патниот и заштитниот појас на патот;

10) оставање на отпадоци, смет или други материјали на коловозот, банкините, патниот појас или тротоарите;

11) испуштање на отпадни и други води и други материјали на патот и во патниот појас или во одводните канали или спречување на водата од патот или одводните канали;

12) нанесување кал на пат од пристапните патишта на пат со современ коловоз;

13) приклучување или исклучување на возила од патот надвор од уредените места определени за тоа;

14) движење, запирање и паркирање на возила на пешачка и велосипедска патека, пешачки премин, разделни острови, (зона на крстосница, тротоар или банкина на патот);
15) поставување светлосни направи покрај патот кои му пречат на сообраќајот;
16) терање на стока надвор од местата определени за премин преку патот;
17) попречување на користење на јавниот пат, прекопување и бушење на јавниот пат, оставање пречки или друг материјал на јавниот пат или неовластено поставување  столбчиња, блокатори, рампи и разни препреки на јавниот пат;
18) продавање овошје, зеленчук, мед, алкохолни и безалкохолни производи и слично на јавниот пат,
(19) поставување и градење на било какви објекти освен сообраќајна сигнализација и сообрќајна опрема на разделните острови и разделното зеленило на јавните патишта, крстосниците и клучките.
(20) градење и поставување на пристапи од објекти кон јавниот пат без одобрение од Јавното претпријатие, општината односно Градот Скопје,
(21) обележување на места за запирање и паркирање на возила на јавен пат без одобрние од Јавното претпријатие, општината односно Градот Скопје и
(22) вршење на други работи со кои може да се оштети патот или да се попречува или загрозува сообраќајот.„

Член 5

Членот 72 се менува и гласи:
„(1) Инспекторите за патишта донесуваат решенија во рамките на своите овластувања предвидени во овој закон.
(2) Доколку сторителот на прекршокот не постапи по Решението на инспекторот и сам не ги отстрани недостатоците утврдени во Решението инспекторот ќе донесе Заклучок за дозвола на извршување, а недостатоците ќе ги отстрани Јавното претпријатие или правно лице ангажирано од општината односно Градот Скопје при што трошоците од постапката паѓаат на трошок на сторителот на прекршокот.
(3) Против решението на државните инспектори за патишта и овластените инспектори за патишта на општината, односно градот Скопје може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на Решението.
(4) По жалбата против Решението на државниот инспектор за патишта одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(5) По жалбата против решението на овластениот инспектор за патишта на општината, односно Градот Скопје одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
Жалбата не го одложува извршувањето на решението на овластениот инспектор за патишта. „

Член 6

Членот 77 се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице, ако:
1) врши проектирање на патишта спротивно на одредбите од членот 25 на овој закон
2) предаде во употреба јавен пат без одобрение за употреба (член 33 став (1)
3) постапи спротивно на Член 47а став 1 од овој закон
4) постапи спротивно на членот 60 став (2) од овој закон или ако не врши уплата на средствата согласно одредбите од членот 66-д од овој закон.
(2) Глоба во износ од 300 до 600 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.„

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ

ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА КОИ СЕ

ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

## Член 41

(1) За одобрување за поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта, за поставување на инсталации во заштитниот појас, за поставување на заштитни огради покрај државните патишта, за вонреден превоз и за прекумерно користење на пат се поднесува барање до Јавното претпријатие, по кое Јавното претпријатие е должно во рок од 15 дена да одговори по истото.

(2) За издавање на одобрувањата од ставот (1) на овој член Јавното претпријатие води евиденција.

## Член 45

(1) Во заштитниот појас на јавен пат надвор од населени места може да се поставуваат натписи и рекламни табли, и тоа: покрај автопат и експресен пат на оддалеченост од најмалку 25 метра, на магистрален и регионален пат на оддалеченост од најмалку 10 метра и на општински пат на оддалеченост од најмалку 5 метра, сметајќи од крајната точка на патниот појас, без да ја попречуваат прегледноста и да ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот на патот, само врз основа на претходно одобрување од Јавното претпријатие.

(2) Во одобрувањето од ставот (1) на овој член се наведуваат условите за поставување на натписи и рекламни табли, надоместокот за поставување и користење на истите, како и условите за нивното отстранување.

## Член 50-а

Заради заштита на јавните патишта забрането е:
1) заземање земјиште од патниот појас;
2) спречување на истекување на атмосверските води, ниту менување на природниот тек на водите;
3) пасење на стока, косење на трева, оштетување и сечење на дрвја покрај патот, како и оштетување и однесување на материјали наменети за одржување на патот;
4) спуштање на дрвја и други материјали по косините на патот;
5) влечење на греди, трупци, плугови, камени блокови, железни шипки и други слични предмети;
6) кочење на запрежни возила со блокирање на тркалата;
7) свртување на работни и други машини при обработување на земјата;
8) градење на поила за стока и пуштање на стока во патниот појас;
9) фрлање шут, одпадоци, држење на ѓубре или депонии во патниот и заштитниот појас на патот;
10) оставање на отпадоци, смет или други материјали на коловозот, банкините, патниот појас или тротоарите;
11) испуштање на отпадни и други води и други материјали на патот и во патниот појас или во одводните канали или спречување на водата од патот или одводните канали;
12) нанесување кал на пат од пристапните патишта на пат со современ коловоз;
13) приклучување или исклучување на возила од патот надвор од уредените места определени за тоа;
14) движење на возила по пешачка патека (тротоар или банкина на патот);
15) поставување светлосни направи покрај патот кои му пречат на сообраќајот;
16) терање на стока надвор од местата определени за премин преку патот;
17) попречување на користење на патот или улицата, прекопување на коловозот, оставање

пречки или друг материјал на коловозот или неовластено поставување разни препреки;
18) продавање овошје, зеленчук, мед, алкохолни и безалкохолни производи и слично на патот и
19) вршење на други работи со кои може да се оштети патот или да се попречува или загрозува сообраќајот.

.

## Член 77

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице, ако:
1) врши проектирање на патишта спротивно на одредбите од членот 25 на овој закон
2) предаде во употреба јавен пат без одобрение за употреба (член 33 став (1)) и
3) постапи спротивно на членот 60 став (2) од овој закон или ако не врши уплата на средствата согласно одредбите од членот 66-д од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 600 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.